**20261171733**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеа 3, член 30 став (3) и член 34 став (3) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 135/25 и 269/25), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, на ден 28.5.2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКА НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОДЕЛЕНИ БРОЕВИ И/ИЛИ СЕРИИ НА БРОЕВИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на пресметка на висината на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и/или серии на броеви од Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија, кој го плаќаат опергторите на кои Агенцијата им има доделено броеви и/или серии на броеви.

Член 2

Висината на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и серии на броеви се изразува во бодови. Бројот на бодовите се утврдува врз основа на следните критериуми: видот и намената на серијата на броеви и броеви и должината на доделените броеви.

Вредноста на бодот за надоместок од член 1 на овој правилник се базира на начело на објективност и пропорционалност и се утврдува со одлука што ја донесува директорот на Агенцијата врз основа на годишната програма за работа за наредната година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за наредната година, во рок од десет дена од денот на усвојувањето на годишната програма за работа за наредната година и е изразена во евра во денарска противвредност, пресметана по средниот курс на Народната Банка на Република Северна Македонија на денот на фактурирањето.

Одлуката од став 1 од овој член ќе биде објавена на веб страната на Агенцијата и во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## II. БОДОВИ ЗА НАМЕНА НА СЕРИИ НА БРОЕВИ

Член 3

Бројот на бодовите според намената на серијата на броеви се утврдува за следните видови броеви:

1. претплатнички броеви во нумерациски подрачја за јавни фиксни телефонски мрежи и/или услуги и за јавни мобилни комуникациски мрежи и/или услуги

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| серија од 1.000 броеви | 105 |
| серија од 10.000 броеви | 1050 |
| серија од 100.000 броеви | 10500 |

2. броеви од серијата 05

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| поединечен број | 170 |
| блок од 10 броеви | 1530 |

3. броеви од серијата 08

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| поединечен број | 40 |
| блок од 10 броеви | 250 |

4. број на носител (10ab) 1.000 бода.

III. БОДОВИ ЗА ДОЛЖИНА НА БРОЕВИ

Член 4

Бројот на бодовите според должината на доделените броеви се утврдува за:

1. скратен број на целата територија на Република Северна Македонија

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| 5-цифрен број (со почетни цифри 15 или 13) | 200 |

2. скратен број во нумерациско подрачје за јавни телефонски мрежи и/или услуги со 6-цифрен претплатнички броеви

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| 4-цифрен број (со почетни цифри 15) | 152.85 |

IV. БОДОВИ ПО ВИД И НАМЕНА НА СЕРИИ НА БРОЕВИ И БРОЕВИ

Член 5

Бројот на бодовите според намената на серијата на броеви и должината на доделените броеви се утврдува за:

1. број на операторите на јавните телефонски мрежи за услуги за грижа за корисници (со почетни цифри 12, 17 и 18)

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| 3-цифрен број | 670 |
| 4-цифрен број | 340 |
| 5-цифрен број | 170 |
| 6-цифрен број | 90 |
| 7-цифрен број | 50 |

2. број и услуга со посебна цена на чинење во рамките на мрежата на операторот на јавна телефонска мрежа

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| серија броеви за услуги со посебна цена на чинење (со почетни цифри 14) | 15750 |

3. национален скратен број за услуги хармонизирани на европско ниво

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| број 112 | бесплатно |
| број од серијата 116 (xyz) | бесплатно |
| број од серијата 118 (x) | бесплатно |

4. национален скратен број за услуги од национално општествено значење

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| број 19(x) и број 16(x) | бесплатно |

5. кодови за идентификација на издавачи на кредитни картички поврзни со електронски комуникациски услуги

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| код за идентификација | бесплатно |

6. кодови на мобилни мрсжи за идентифнкација на мобилни терминали и мобилни корисници

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| код за идентификација | бесплатно |

7. кодови на меѓународни сигнализациски точки

| Услуга | Бодови |
|---|---|
| код за идентификација | бесплатно |

Член 6

Бројот на бодовите за резервираните броеви и серии на броеви од Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги на Република Македонија се утврдува така што бројот на бодовите утврдени со овој правилник за соодветните броеви и серии на броеви се намалува за 50%.

## V. ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ДОДЕЛЕНИ БРОЕВИ И/ИЛИ СЕРИИ НА БРОЕВИ

Член 7

На операторот на кого му престанало правото за користење на броевите и/или сериите на бреви заради пренесување на правото на користење на доделени броеви и/или серии на броеви, врз основа на претходно платени сите надоместоци кои бил должен да ги плати, Агенцијата му го враќа делот од платениот годишен надоместок за користење на доделени броеви и/или серии на броеви за оние цели месеци од календарската година во кои не се користат доделени броеви и/или серии на броеви пресметан на начин што бројот на преостанатите месеци се помножува со една дванаесетина од платениот годишен надоместок.

## VI. ПРЕНОСЛИВОСТ НА БРОЕВИ

Член 8

Операторите чии броеви се пренесени на друг оператор, за тие броеви не го плаќаат годишниот надоместок од член 1 на овој правилник. Годишниот надоместок го плаќа операторот на кого му се пренесени боревите. Агенцијата притоа ги користи податоците од централната база на податоци за пренесување на броеви согласно Правилникот за Преносливост на броеви. Фактурирањето се врши врз основа на Извештај од централаната база на податоци за пренесување на броеви и Решението за доделување на бореви и/или серии на броеви.

## VII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Надоместокот за користење на доделени броеви и/или серии на броеви се плаќа на сметка на Агенцијата за електронски комуникации за секоја тековна година однапред почнувајќи од денот на доделувањето на броевите и/или сериите на броеви врз основа на издадено Решение користење на броевите и/или сериите на броеви.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Со денот на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за утврдување на методот за пресметување на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и серии на броеви („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2014).

Член 11

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегувањето во сила овој правилник ќе се објави на веб страната на Агенцијата.

Бр. 0101-1530/2
28 мај 2026 година
Скопје

Директор,
**Јетон Акику**, с.р.